**ЕФТИМОВСКА, Соња**
УДК:
343.126.1:342.72/.73(497.742)"2015/2021"
343.263:342.72/.73(497.742)"2015/2021"

# МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ЛИЦА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА НИЗ ПРАКСАТА НА ОС СТРУМИЦА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2015-2021

**Апстракт**

Во борбата против криминалот се постигнуваат најдобри резултати и се постигнува најголем ефект, доколку имаме ефективно кривично гонење, што подразбира брзо откривање на кривичните дела и нивните сторители, брза, јасна и законски спроведена постапка против сторителите, како и изрекување казна со соодветна судска пресуда. Мерките за обезбедување на присуство на лица во кривичната постапка, иако се неопходни и сите процесни системи дозволуваат нивна употреба, ги ограничуваат основните човекови права и слободи на осомничениот или обвинетиот. Содржината на таквите права и слободи се декларирани со меѓународните конвенции и устави на државите, а пропишаните услови за нивни ограничувања се уредени со националните акти за кривичната постапка. Република Северна Македонија, не е исклучок ниту во однос на примената на мерките за обезбедување на присуство на лица во кривичната постапка, ниту во однос на кршењето на човековите права и слободи за време на спроведување на истите.

**Клучни зборови:** *мерки за обезбедување на присуство, кривична постапка, притвор, човекови права.*

**EFTIMOVSKA Sonja**
UDK:
343.126.1:342.72/.73(497.742)"2015/2021"
343.263:342.72/.73(497.742)"2015/2021"

# MEASURES TO ENSURE THE PRESENCE OF PERSONS IN THE CRIMINAL PROCEDURE THROUGH THE PRACTICE OF OS STRUMICA IN THE PERIOD FROM 2015-2021

**Abstract:**In the fight against crime, the best results are achieved and the greatest effect is achieved, if we have effective criminal prosecution, which means quick detection of criminal cases and their perpetrators, fast, clear and legally conducted proceedings against the perpetrators, as well as sentencing with an appropriate court verdict. Coercive measures, although they are necessary, and all procedural systems allow their use, restrict the fundamental rights of the suspect or accused.The content of such rights and freedoms are declared by international conventions and constitutions of states and detailed conditions of their limitations are regulated in national acts on criminal procedure. Republic of North

Macedonia is not an exception either in terms of the application of coercive measures, nor in terms of violations of human rights and freedom.

**Keywords**: coercive measures, criminal procedure, custody, fundamental rights, pre-trial detention

## ВОВЕД

Темата на овој труд се мерките за обезбедување на присуство на лица во кривичната постапка низ праксата на Основниот суд во Струмица за периодот од 2015 до 2021 година.

Во трудот освен анализата на податоците добиени од Основниот суд во Струмица, ќе се обрне внимание и на самата кривична постапка, бидејќи мерките за обезбедување на присуство на лица се дел од кривичната постапка опфатена со Законот за кривичната постапка.

Кривичната постапка е систем од процесни дејствија со точно утврдена форма, начин, рок, редослед и овластен субјект за нивно преземање, преку кои се утврдуваат околностите под кои е сторено кривичното дело, вината и степенот на кривичната одговорност на сторителот, како и определување индувидуализирана кривична санкција.[1]

Самата постапка е насочена кон една основна цел - на сторителот на кривичното дело да му се изрече кривична санкција под услови предвидени во Кривичниот законик и врз основа на законско и правично спроведена постапка[2], водејќи сметка дека процедурата мора да обезбеди ефективност на кривичната правда, но и едновремено да ги штити и почитува и човековите права на учесниците, помеѓу другите основни права на осомничениот или обвинетиот.

Земајќи предвид дека некои од овие мерки длабоко навлегуваат во слободата и правата на граѓаните, особено мерката притвор, во трудот ќе биде направен осврт на домашната и меѓународната регулатива која ја опфаќа оваа материја, како и примери од ЕСЧП за прекршувањата на меѓународните конвенции од страна на судовите во Република Северна Македонија, а кои се однесуваат на примената на мерките за обезбедување на присуство на лица.

Врз база на добиените податоци и нивна анализа трудот ќе се обиде низ изведените заклучоци да даде препораки.

## МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ЛИЦА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

### 1. Општо за мерките за обезбедување присуство на лица

Еден од меѓународните правни стандарди, кога станува збор за кривичната постапка воопшто[3] е присуството на обвинетиот во кривичната постапка. Овој стандард

[1] Бужаровска, Калајџиев, Мисоски, Димоски, Казнено процесно право, Скопје 2015 год, стр.9
[2] Бужаровска, Калајџиев, Мисоски, Димоски, Казнено процесно право, Скопје 2015 год, стр.10
[3] Bejatović, S., *Krivično procesno pravo*, JP „*Sl.glasnik*", Beograd, 2019, str. 478.

првенствено се заснова на фактот дека кривичната постапка се води против поединечно определено лице, па на обвинетиот, како еден од главните субјекти на кривичната постапка, меѓу другото мора да му се даде можност да се брани[4], да ги оспорува обвинувањата и да ги изнесе сите факти во негова корист и на тој начин му овозможи на судот да го утврди потребниот степен на вистина за конкретната кривична постапка и носење на соодветна пресуда. Покрај ова, овој стандард служи и на две основни задачи - водење на кривична постапка веќе нагласена во чл. 1 од законскиот текст со кој се уредува како и тоа дека кривичната постапка треба да резултира со казна и за секој сторител на кривично дело кој е прогласен за виновен треба да се осигура дека невино лице не е осудено. За да се постигне ова, потребно е, меѓу другото, и учество на обвинетиот во кривичната постапка.

Исто така и за спроведување на основните начела на кривичната постапка, особено начелото на спротивставеност, непосредност, утврдување на вистината и слично потребно е да се обезбеди присуство на обвинетиот во постапката. Имајќи го сето ова предвид, органите кои ја водат кривичната постапка се должни да се грижат за овој предуслов – обезбедување присуство на обвинетиот во кривична постапка и за таа цел Законот за кривична постапка предвидува мерки за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка и тие се појдовна точка за практично спроведување на споменатиот меѓународен правен стандард – присуството на обвинетиот во кривична постапка.

Историски, бројот на мерки од ваков карактер се зголемува и содржината се менува во не мал степен, но општите правила на нивната примена остануваат сосема оправдано непроменети.

Тоа се: прво, преземањето на некоја од неколкуте можни мерки за обезбедување на присуство на обвинетиот може да се примени само под претпоставка за исполнување на одредбите предвидени со закон кои се услов за нејзина примена, што пак зависи од видот на мерката; второ, забраната за примена на потешки мерки во случај кога може да се обезбеди присуство на обвинетиот во кривичната постапка со поблаги мерки, што, меѓу другото, се цени и според редоследот на мерките утврдени во ЗКП, бидејќи тоа е критериум за тежината на мерките, а истовремено се однесува и на редоследот на нивната примена.

Законодавецот сосема оправдано го има утврдено основното правило за примена на мерките за обезбедување присуство на обвинетиот и непреченото водење на кривичната постапка што значи дека при одлучувањето која мерка ќе ја примени судот мора да ги почитува условите за примена на одредени мерки имајќи предвид дека не смее да се применува построга мерка ако целта може да се постигне и со поблага мерка.

Судот мора да се води од принципот на пропорционалност, па така мерката која што се определува мора да биде неопходна и доволна реакција за реализација на конкретна процедурална потреба, бидејќи секој вишок во интензитетот на реакцијата би претставувало недозволиво кршење на правата на лицето спрема  кое оваа мерка е

[4] Soković, S., *Pritvor kao najteža mera obezbeđenja prisustva okrivljenog u krivičnom postupku- međunarodni pravni standardi-*, Zbor. „Pritvor i druge mere obezbeđenja prisustva okrivljenog u krivičnom postupku (međunarodni pravni standardi, regionalna zakonodavstva i primena)", Misija OEBS-a u Srbiji, Beograd, 2019.

изречена.[5] Во контекст на ова се поставува прашањето: како да определи органот соодветна мерка меѓу неколкуте мерки, а да ја постигне целта? Има повеќе околности од кои што зависи одговорот на вака поставеното прашање и истите можат да се поделат на субјективни и објективни. Од објективни околности значајни за одлуката која мерка ќе се примени, најнапред сè зема предвид тежината на кривичното дело, степенот на повреда или загрозеност на заштитениот имот и од субјективните околности, личноста на сторителот, неговиот претходен живот, однесувањето на сторителот по сторување на кривичното дело и слично. Со еден збор може да се каже дека околностите се слични околности што се земаат предвид при определувањето на казната. Со други зборови, се чини сосема оправдан ставот дека истите околности што судот ги зема предвид при определувањето на казната треба да бидат важни за изборот на соодветната мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка.

Трето, постои обврска применетата строга мерка да се замени со по блага во сите случаи кога околностите на конкретниот кривичен предмет укажуваат на тоа дека натамошното присуство на обвинетиот во кривичната постапка може да се обезбеди и со поблага мерка.

Во чл.144 од Законот за кривична постапка таксативно се наброени сите мерки кои можат да се преземат заради обезбедување присуство на обвинетиот и други лица заради непречено водење на постапката. Тие мерки се:

- Покана,
- Мерки на претпазливост,
- Гаранција,
- Приведување, лишување од слобода, задржување, краткотраен притвор, куќен притвор и притвор.

### 1.1. Покана

Поканата е писмен акт, налог упатен од страна на судот, јавното обвинителство или од правосудната полиција до обвинетиот, со кој на обвинетиот или друго лице му се наложува да дојде во означено време на определено место, со предупредување дека во случај на недоаѓање може да биде присилно доведено.[6]

### 1.2. Видови мерки на претпазливост и нивно извршување

Со цел обезбедување присуство на обвинетиот, судот може да определи некоја од следните мерки на претпазливост:[7]

1. Забрана за напуштање на живеалиштето, односно престојувалиштето.

[5] Ilić, G., i dr., *Komentar Zakonika o krivičnom postupku*, Službeni glasnik, Beograd, 2013, str. 450.
[6] Бужаровска, Калајџиев, Мисоски, Димоски, Казнено процесно право, Скопје 2015 год, стр.162
[7] Член 146 од Закон за Кривична постапка.Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година

Со решението со кое се определува мерката на претпазливост забрана за напуштање на престојувалиштето, односно живеалиштето судот го определува местото во кое обвинетиот мора да престојува додека трае мерката, како и границите вон кои нема да смее да се оддалечува.

2. Обврска на обвинетиот е да се јавува повремено на определено службено лице или кај надлежен државен орган.

Со решението со кое се определува мерката за претпазливост обвинетиот повремено да се јавува на одредено лице или надлежен државен орган, судот определува службено лице на кое обвинетиот мора да му се јавува, рокот во кој треба да се јавува и начинот на водење на евиденцијата за јавување.

3. Привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање.

Решението со кое се определува мерката на претпазливост привремено одземање на патна или друга исправа со која се поминува државната граница, односно забрана за нејзино издавање, судот го носи при постоење на опасност од бегство. Во решението се наведуваат податоците за патната исправа. Одземената патна исправа се чува кај органот кој ја одзел, а се враќа со судска одлука тогаш кога ќе престанат причините поради која била одземана. Со судска одлука престанува и забраната за издавање на патна исправа. Жалбата против овие решенија не го одлага извршувањето на решението.

4. Привремено одземање на возачка дозвола, односно забрана за нејзино издавање,

5. Забрана за посетување на одредено место или подрачје.

Со решението со кое се определува мерката на претпазливост забрана за посетување на определено место или подрачје, судот го определува местото или подрачјето, како и растојанието над кое лицето не смее да се приближува.

6. Забрана за приближување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со определени лица.

Со решението со кое се определува мерката на претпазливост забрана за приближување или воспоставување т.е. одржување контакт или врски со одредени лица, судот ја определува далечината, местото или подрачјето до кое лицето не смее да се приближи.

7. Забрана за преземање на определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело.

Со решението со кое се определува мерката за претпазливост забрана за преземање на определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело, судот детално го определува видот и предметот на тие работни активности. Решението со кое се

определуваат мерките на претпазливост, освен до странките, судот го доставува и до органот задолжен за нивното извршување.[8]

Мерките на претпазливост ги извршува полицијата.

При изрекување на мерката на претпазливост обвинетиот повремено да се јавува на определено службено лице или надлежен државен орган ја извршува полицијата или друг надлежен државен орган на кој обвинетиот треба да му се јави.

Судот може во секое време да наложи проверка на извршувањето на мерката на претпазливост и да побара извештај од полицијата или од друг надлежен државен орган кој ги извршува мерките.[9]

За неисполнување на обврските определени со мерката на претпазливост, надлежниот државен орган кој го спроведува извршувањето, веднаш го известува судот.

1.3. Гаранција

Гаранцијата како и мерките на претпазливост, може да се определи само против лице за кое е донесена наредба за спроведување на истражна постапка. Гаранција може да даде за себе обвинетиот, но може да биде и дадена од друго лице.

Висината на гаранцијата која секогаш се определува во паричен износ ја определува судот по службена должност. При определувањето на висината на гаранцијата, судот ги зема предвид тежината на кривичното дело, како и личните и семејните прилики на обвинетиот и неговата имотна состојба. Висината на гаранцијата може да се промени доколку дојде до проширување на истражната постапка, или пак се дознаат нови околности за имотната состојба на обвинетиот кои се од значење за определување на висината на гаранцијата.

Гаранцијата според својата содржина и природа може да биде вистинска и лична.

Вистинска гаранција може да даде обвинетиот, трети лица за обвинетиот или пак трети лица и обвинетиот заедно. Вистинската гаранција се состои во депонирање готови пари, хартии од вредност, скапоцености или други подвижни предмети од поголема вредност кои лесно може да се претворат во пари и да се чуваат, или со ставање на хипотека за износот на гаранцијата на недвижни добра на лицето што дава гаранција.[10]

Лична гаранција е кога споменатите вредности не се депонираат однапред, туку кога трети лица - еден или повеќе граѓани даваат обврска дека во случај на бегство, тие ќе го уплатат утврдениот износ на гаранцијата.[11] Личната гаранција не може да биде дадена од страна на самиот обвинет. Доколку постапката биде запрена, или се донесе

[8] Бужаровска, Калајџиев, Мисоски, Димоски, Казнено процесно право, Скопје 2015 год, стр.164

[9] Член 149 од Закон за Кривична постапка. Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година

[10] Член 150 став 4 од Закон за Кривична постапка. Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година

[11] Член 150 став 4 од Закон за Кривична постапка. Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година

ослободителна пресуда или се одбие обвинението гаранцијата се укинува и му се враќа на лицето кое ја положило[12].

Доколку со донесената пресуда е изречена казна затвор, гаранцијата се укинува кога осудениот ќе започне со издржување на казната затвор. Решението со кое се укинува определената гаранција судот не го носи по службена должност, туку по предлог на странките. Гаранцијата пропаѓа, а на обвинетиот му се определува мерка притвор, доколку обвинетиот не дојде на уредно доставена покана и не го оправда изостанокот, доколку побегне или доколку го повтори, доврши или стори кривичното дело со кое се заканува. Во тој случај, судот донесува решение со кое се одлучува вредноста која е дадена како гаранција да се внесе во Буџетот на Република Северна Македонија.[13]

### 1.4. Приведување (апсење со налог)

Приведувањето на обвинетиот се состои од негово лишување од слобода и од негово приведување до органот кој ја определил оваа мерка. Приведувањето само по себе е присилна мерка за обезбедување присуство на обвинетиот.

Наредба за приведување на обвинетиот може да издаде само судот, се издава писмено и неа ја извршува правосудната полиција.

### 1.5 Лишување од слобода (апсење без налог)

Лицето кое ќе биде затекнато во вршење на кривично дело кое се гони по службена должност, може да биде лишено од слобода од секого доколку постои

опасност од бегство и за истото мора веднаш да се извести полицијата. Лицето се задржува се до доаѓањето на полицијата. Лице кое е затекнато во извршување на кривично дело е она лице кое е забележано при вршење на дејствијата на делото, т.е. лице кое непосредно по стореното кривично дело е затечено под околности кои укажуваат дека тоа е сторителот на делото.

### 1.6. Задржување

Правосудната полиција, по исклучок, лицето кое е лишено од слобода согласно со основите и постапката за лишување од слобода без налог може да го задржи, доколку задржувањето е нужно заради утврдување на идентитетот, проверување на алиби или од други причини е потребно да се соберат нужни податоци за водење на постапката против тоа лице.

---

[12] Член 152 став 1 од Закон за Кривична постапка. Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година

[13] Член 153 од Закон за Кривична постапка. Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година

## 1.7. Притвор

Доколку постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело, а притворот е неопходен за непречено водење на кривичната постапка, истиот може да се определи ако:

- Се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет, или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство,
- Постои основан страв дека ќе ги сокрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите,
- Особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело, или ќе го доврши ободеното кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува,
- Уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа, или ако судот направил два обиди да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата.[14]

## 1.8. Краткотраен притвор

Краткотраен притвор имаме во случаите кога се кога се работи за задржување на осомниченото лице против кое јавниот обвинител заради недостиг на време во случаи на итност сè уште не донел наредба за спроведување на истрага или сè уште не поднел обвинение, но јасно изразил таква намера со предлогот лицето да се притвори, додека тој не ја изготви наредбата за спроведување на истрага.

## 1. 9. Куќен притвор

Судот како единствен овластен субјект кој одлучува за примена на мерките, доколку оцени дека  притворот во затворска установа не е неопходен и покрај постоењето на причини за негово утврдување, може да определи мерка куќен притвор. Од содржински аспект, куќниот притвор е мерка која претставува лишување од слобода на обвинетиот, па затоа се смета за универзална мерка замена за (класичен) притвор, со која може да се замени притвор, доколку се исполнети условите.

[14] Член 165 од Закон за Кривична постапка.Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година

**ПРИМЕНА НА МЕРКИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ЛИЦА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2015 ДО 2021 ГОДИНА**

## 2. Анализа на решенијата за притвор и останатите мерки за обезбедување присуство на лица во кривичната постапка донесени од Основен суд Струмица во периодот од 2015 до 2021 година

За целите на овој труд, од Основен суд Струмица се прибавени статистички податоци за примена на мерките за обезбедување присуство на лица во кривичната постапка, а беа остварени средби со судии од Основниот суд Струмица, а од него беа прибавени и статистички податоци за донесени мерки за присуство на лица во кривичната постапка за периодот од 2015-2021 година.

Во Основен суд Струмица има вкупно 11 судии од кои пет судии работат на граѓанска материја, шест на кривична материја, тој е формиран за подрачјето на општините: Струмица, Ново Село, Василево, Босилово, а во проширена надлежност и за подрачјето на Основен суд Радовиш.

| | Притвор | Куќен притвор | Гаранција | Одземање на патна исправа |
|---|---|---|---|---|
| **2015 год.** | 19 | / | / | 7 |
| **2016 год.** | 16 | 2 | / | 8 |
| **2017 год.** | 13 | 3 | / | 6 |
| **2018 год.** | 18 | 1 | / | 5 |
| **2019 год.** | 10 | / | / | 5 |
| **2020 год.** | 8 | / | / | 17 |
| **2021 год.** | 12 | / | / | 9 |

Табела бр.1

Табеларен приказ на статистички податоци за донесени мерки за обезбедување присуство на лица во кривичната постапка од страна на Основен суд Струмица за период од 2015-2021 година

Од табелата бр.1 во која табеларно се прикажани статистичките податоци добиени од Основен суд Струмица во однос на определувањето мерка притвор и мерките за претпазливост во периодот од 2015 до 2021 година, можеме да го констатираме следното:

Во 2015 година, биле донесени 19 решенија за притвор како мерка за обезбедување на присуство на лица во кривична постапка, како и 7 решенија за одземање на патна исправа. Нема определена мерка куќен притвор или гаранција.

Во 2016 година притворот како мерка за обезбедување на присуство бил изречен 16 пати, а имаме и 8 решенија за одземање на патна исправа како мерка на претпазливост, како и две решенија за определување на мерка куќен притвор.

Во 2017 година притворот како мерка е изречен 13 пати, три мерки куќен притвор како и 6 решенија за одземање на патна исправа.

Во 2018 година притвор како мерка за обезбедување на присуство на лица во кривичната постапка бил определен на 18 лица, на едно лице му е определена мерка куќен притвор, а патната исправа им била одземена на 6 лица.

Во 2019 година притворот како мерка бил изречен 10 пати, а одземени им се патните исправи на 5 лица.

Во годините 2020 и 2021 мерката притвор бил изречена 8 и 12 пати, а патни исправи биле одземени 17 во 2020 година и 9 во 2021 година.

И во двете години нема изречено мерка куќен притвор, како и гаранција.

Од горенаведеното може да се заклучи дека притворот како мерка за обезбедување на присуство на лица во кривичната постапка е мерка која најмногу била изрекувана. Во разговор со судиите околу основот за изрекување на токму оваа мерка, најчесто се наведува дека притворот е изрекуван како мерка поради опасност од бегство, а многу по ретко заради другите основи.

Иако притворот може да биде заменет со куќен притвор, гаранција или некоја друга мерка за претпазливост, од статистиката можеме да заклучиме дека треба да се работи многу на охрабрување на судиите да ги применуваат поблагите мерки кога целта може да биде постигната и со нив, а притворот да се употребува само како исклучок, а не како правило, што е сегашна практика.

## ЗАКЛУЧОК

Во борбата против криминалот се постигнуваат најдобри резултати и се постигнува најголем ефект, доколку имаме ефективно кривично гонење, што значи брзо откривање на кривичните дела и нивните сторители, брза, јасна и законски водена постапка против сторителите како и изрекување на соодветна казна.

Водењето на постапката, а со тоа и примената на мерките за обезбедување на присуство на лица во кривичната постапка е регулирано со новиот Закон за кривичната постапка од 2010 година, кој содржи модерни и подобрени решенија, па со примена на начелата, принципите и институциите се осигурува повисок степен на почитување на човековите права и слободи.

Несомнено, прашањето за притвор како една од мерките за обезбедување на присуство на обвинетите во кривичната постапка, е едно од најкомплексните и најтешките и претставува мерка и дејствување на државата во насока на заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, но и општеството - да се заштитат основните вредности загарантирани со Уставот, кривичното законодавството и меѓународното право, реагирајќи на начин што на поединецот, кој ги прекршил основните вредности, поточно кога постои сомнеж дека го направил тоа, го одзема основното човеково право – слободата.
Ова значи дека државата во својата намера да штити, со својата интервенција одзема и укинува една од основните прокламирани вредности на поединецот, член на тоа општество, неговото основно право и една од неговите најголеми вредности - правото на слобода. Тоа е ситуација која отсекогаш барала и бара особена претпазливост од сите оние кои одлучуваат за тоа и која предизвикувала и сѐ уште предизвикува контроверзии и поделени мислења како во поширокота така и во стручната јавност.

За жал кај нас во јавноста, околноста некој обвинет да не е задржан во притвор или „предвремено" да му се укине притворот, по правило се толкува како ослободување на обвинетиот од обвинението. Па така, прашањето за определување и времетраење на притворот, односно неопределување или прекинување на притворот, се ставаат на исто ниво или се поистоветуваат со прашањето за успешна борба против криминалот.

Иако притвор може да се определи само под условите пропишани во Законот за кривичната постапка и само доколку целта не може да се постигне со друга мерка, токму поради гореспоменатото јавно мислење, судиите сѐ уште со голема леснотија се одлучуваат за изрекување на мерката притвор.

Решенијата за притвор се шаблонизирани, неиндивидуализирани и содржат прераскажување на законскиот текст на Законот за кривичната постапка, па се добива впечаток дека приодот на судиите при оценка на тоа која мерка да се примени најчесто започнува и завршува со мерката притвор, наместо најпрвин да се оценат можностите кои ги нудат останатите мерки за обезбедување на присуство на лица во кривичната постапка.

Статистичките податоци добиени од Основниот суд Струмица покажуваат дека мерките како гаранција – мерка која е најдобра замена за мерката притвор не се применува, а бројот на определена мерка куќен притвор е симболичен.

Законското решение од 2010 година со своите реформи и измени дава добра основа за промена на ставот кон определување на мерката притвор и користење на останатите поблаги мерки со кои би се постигнала целта, но за жал во пракса судиите сѐ уште верба поклонуваат на старата практика на одредување на мерка притвор.

Особено е важно за млада демократија каква што имаме во нашата држава, да се мотивираат судиите и обвинителите за поголема примена на поблагите мерки кои може да ја заменат мерката притвор и да се промени односот на судиите со безрезервното прифаќање на предлозите на обвинителите за изрекување на мерката притвор.

Од тие причини, треба да се посвети особено внимание на изградба на соодветни критериуми и стандарди, кои ќе бидат усогласени со практиката на Европскиот суд за човекови права, во рамките на јавните обвинителства, преку заеднички ставови и упатства и секако во координација со судовите.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Ilić, G., i dr., Komentar Zakonika o krivičnom postupku, Službeni glasnik, Beograd, 2013

Soković, S., Pritvor kao najteža mera obezbeđenja prisustva okrivljenog u krivičnom postupku-međunarodni pravni standardi-, Zbor. „Pritvor i druge mere obezbeđenja prisustva okrivljenog u krivičnom postupku (međunarodni pravni standardi, regionalna zakonodavstva i primena)", Misija OEBS-a u Srbiji, Beograd, 2019.

Stanko Bejatović, Pritvor i druge mere obezbeđenja prisustva okrivljenog u krivičnom postupku, 2019

Закон за Кривична Постапка, Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 год.

Калајџиев Гордан, Лажетиќ Гордана, Неделкова Лидија, Денковска Маја, Тромбева Мери, Витларов Тодор, Јанкуловска Павлина, Кадиев Дељо, "Коментар на Законот за кривичната постапка", Скопје 2018 год.

Камбовски Владо, Организиран криминал, 2005

Кривичен законик на РМ ( Службен весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 )

Лазетиќ- Бужаровска Гордана, Калајџиев Гордан, Мисоски Бобан, Илиќ- Димоски Дивна, "Казнено процесно право", Скопје 2015 год.

Интернет извори:

https://kpuzatvorskopje.gov.mk/
https://mvr.gov.mk/